Република Македонија

**Агенција за катастар за недвижности**

РЕПУБЛИКА МАКЕДО[redacted]
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕД[redacted]
Бр. 0204-32466/1 [redacted]
18 - 12 - 20 17 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/15), член 2 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/16), в.д. директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**ОДЛУКА**
**за назначување овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување**

За овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување во Агенцијата за катастар на недвижности се назначува државниот службеник **ТОМИЦА МЛАДЕНОВСКИ** распореден/а на работно место помошник раководител на Сектор за финансиски прашања при Агенција за катастар на недвижности.

**Член 2**

Овластеното лице од член 1 на оваа одлука своите обврски ќе ги извршува согласно Законот за заштита на укажувачи, Законот за заштита на личните податоци и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.

**Член 3**

За извршување на функцијата - овластено лице за прием на пријава од укажувачи, на овластеното лице да му се обезбедат потребните услови согласно Правилникот за зашитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.